РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI NACIONAL
ORKESTRA E XHAZ MUZIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr 02-529/5
21.08 20 25 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Протокол за нотација и подготовка на партитура и штимови

- НУ Оркестар за Џез Музика на Република Северна Македонија, Скопје -

***Овој водич обезбедува практични совети за композиторите и аранжерите кои создаваат музика за потребите на НЏО.***

Врз база на нашето искуство, составивме информативни упатства за да се поттикне полесен работен тек за аранжерот, диригентите и музичарите. Овие совети ќе му помогнат на аранжерот при пишувањето партитури, и јасно ќе ги дефинираат нашите **барања за содржина**, **изглед** и **формат на страниците**. Исто така се опишани инструменталните способности на секој поединечен инструменталист во НЏО.

**Доколку имате дополнителни прашања, контактирајте го нашиот персонал.**

**Општи информации:**

„**House style**“ **-** от за подготовка на музичка нотација на НЏО е изграден врз база на анализа на аранжмани од истакнати биг бенд - аранжери, вклучувајќи информации од бројни едукативни книги за биг бенд - аранжирање. Практичноста при нотацијата и подготовката на партитури е од круцијално значење за работата на НЏО. **Со цел најдобро да го искористиме нашето време за проби, диригентите и музичарите треба да се во можност лесно и брзо да ја читаат напишаната нотација**.

НЏО настапува на различни сцени, понекогаш во отежнати услови, на темни, силно осветлени сцени или со невообичаено растојание меѓу музичарот и пултот. Поради овие причини, потребни ни се **чисти**, **јасни** и **свирливи партитури**.

За вашата музика да биде отсвирена со подеднаква грижа каква што сте вложиле при создавањето на аранжманот, бараме да се почитуваат следните насоки:

## ДОСТАВУВАЊЕ НА ПАРТИТУРИ И ШТИМОВИ

- Подготвениот PDF материјал треба да биде **доставен 30 дена пред првата проба**.
- **Испратете ја музиката во нашиот музички архив за печатење на: nationaljazzorchestra@gmail.com**
- Секогаш осигурајте се дека аранжманот што го праќате е **финалната, точна** и **дефинитивна верзија**.
- Испратете го аранжманот во папка со PDF датотеки.
- **Секоја партитура треба да биде зачувана како посебен PDF фајл, и секој музичар треба да има свој штим.** НЏО има 17 инструменталисти (погледнете ја инструменталната листа). Доколку пишувате за солист, пејач или дополнителен

инструменталист (на пример, перкусионист, вибрафонист или 5-ти трубач), потребна е посебен штим.

- **Сите штимови треба да бидат транспонирани.**
- **Диригентската партитура треба да биде во посебна датотека.**

## СОВЕТИ ЗА ОСНОВА НА АРАНЖИРАЊЕ

- Првенствено, **погледнете го прикачениот пример**.
- Користете **стандардни нотациски фонтови**. Избегнувајте jazz – нотациски фонтови.
- Користете читлива големина на фонт за акордски симболи, текст, динамика, артикулација, „**text expressions**", итн.
- Секогаш додавајте „**tempo**" и „**tempo change**" индикации во партитурите и штимовите (ritardando, accelerando, rallentando, итн.). **Осигурајте се дека фонтот е голем и читлив.**
- **Осигурајте се дека тактовите и нивните промени се јасно видливи**. (Види пример).
- Покрај **ознаките за темпо**, наведете „**groove**" и „**style**": straight 8th-note ballad, swing, swing in 2, ECM-style, samba, shuffled 16th-note funk, итн.
- Користете „**multi-rests**" и комбинирајте ги тактовите каде што е можно во еден нотен систем.
- **Внимавајте при вртење страници.** Организирајте ги штимовите (особено за тромбони) така што вообичаено се отвораат само две страници одеднаш, со доволно време за вртење и промена на инструмент или сордина. Иако деловите за ритам-секција често се пишуваат без паузи од почеток до крај, размислете за најдобар распоред за оптимално вртење страници. Осигурајте се дека делот за тапани содржи „**horn cues**" и потребни ритмички удари. Оптимизирајте ги страниците и за „**D.S., D.C.** и **Coda**" делови.
- **Избегнувајте „auto system breaks, line или page breaks".**
- Додавајте големи „**rehearsal letters**", **плус броеви на тактови** во партитурата и штимовите.
- Секогаш користете исти броеви на тактови, повторувања, „**D.S.**" и „**coda**" симболи во партитурата и штимовите. На пример, не создавајте „**D.S.**" или други повторувања во делови кои не постојат во партитурата.
- **Јасно наведете промени на инструменти во партитурата и штимовите**. (Види пример Алт саксофон 1 - штим).
- Во деловите за лимени дувачки инструменти, наведете кои сордини се користат, и осигурајте време за нивна промена. Наведете време и за промена на инструмент, на пример „**Trumpet > Flugelhorn**". Размислете каде дувачите имаат потреба да земат воздух. (Види пример „Труба").
- Наведете "**Алт саксофон 1, Алт саксофон 2, Тенор саксофон 1, Тенор саксофон 2, Баритон саксофон**" во горниот лев агол од деловите за саксофони, и означете „**doubles**". На пример: Алт саксофон 1 (ss, as, fl). (Види пример Саксофон).

- Внимавајте на регистарот на секој инструмент (регистарот на прва и четврта труба се разликува)
- **Земете го во предвид времето за одмор помеѓу напишаните фрази на дувачките инструменти. Посебно внимание треба да се обрне на труби и тромбони.**
- **Да има доволно време за промена на инструмент или местење сордини.**
- **Напишаните акорди во ритам секција и за солисти не смеат да се разликуваат со хармонијата напишана во дувачката секција.**
- **Внимавајте на хармонски несогласувања помеѓу инструментите во ритам секција** (пример: Доколку во контрабас имате напишано C1, во гитара или пијано не смее да стои Gmaj7/D и слично.)
- **Посебно внимание да се обрне при пишување за гитара**. Со оглед на тоа дека не секој слог е отсвирлив на овој инструмент, целосно напишаните односно нотираните акорди за гитара мора да припаѓа во гитарскиот вокабулар.
- **Тапани**: наведете што треба да свири тапанарот (**темпо, groove, feel, dynamics, тактови, форма и фразирање**). Забележете и важни „**cues**" и линии од другите штимови - "**Што се случува во остатокот од оркестарот?**" (Види пример „Тапани"). **Пронајдете баланс**: дајте му ги сите важни информации, но не го преоптоварувајте штимот.
- **Контрабас**: напишете ја бас линијата доколку имате конкретна мелодија (на пример, ако е во унисон со бас тромбон или баритон - или составен дел од контрапункт). Напишете акордски симболи доколку сакате басистот да има слобода за импровизација. Напишете **ритмички удари** и „**ensemble cues**" ако се составен дел од ансамблот.
- Ритам секцијата на НЏО ја сочинуваат пијано, контрабас, гитара и тапани. **Внимавајте на интеракцијата помеѓу пијаното и гитарата во биг-бендот**. Секој треба да има свој штим и јасно дефинирана улога.
- **Избегнувајте "copy & paste" како техника за аранжирање**! Ако ја користите, проверете дали нотите навистина се тие што сакате инструменталистот да ги отсвири.
- **Доколку во програмата се состојат дополнителни инструменти, се аплицираат индивидуалните правила за пишување за истиот.**
- Избегнувајте користење на дупли предзнаци, како и нетипични предзнаци (пример: снижени F и C, повишени E и B) освен ако истите на се од круцијално хармонско значење. Користењето на вакви предзнаци го отежнува процесот на читање за инструментаистите.
- **За општи правила за музичка нотација, повикајте се на одреден прирачник односно книга**, како: Behind Bars: The Definitive Guide to Music Notation [Elaine Gould, Faber Music Ltd., 2003]. **За jazz и big-band насоки, повикајте се на**: Berklee Contemporary Music Notation [Jonathan Feist, Berklee Press, 2017], The Complete Arranger [Sammy Nestico, Fenwood Music Co., 1993], The Contemporary Arranger [Don Sebesky, Alfred Music, 1984], и Jazz Scores and Analysis [Rick Lawn, Sher Music, 2018].

## СТРУКТУРА И ИЗГЛЕД НА ПАРТИТУРА И ШТИМОВИ

**Кога го креирате изгледот на штимовите и партитури, останете во маргините**. Секое пишување надвор од нив може да не биде испечатено.

**Димензии на штимови:**

- Ширина: 269 мм
- Висина: 339 мм
- Димензии на нотен систем: 8.5 мм
- Маргини на страница: 10 мм

**Структура на штимови:**

- **Обично се пишуваат 4 такта во една линија (нотен систем), но бројот на тактови зависи и од напишаната фраза, и истиот може да варира доколку тоа е музички оправдано. Ова правило е посебно важно доколку се работи за ритам секција и се користи „слеш“ нотација или повторени тактови**. Во тој случај можат да се користат 8 такта во еден нотен систем, но истиот може да варира доколку тоа е музички оправдано. Бројот на повторувања мора да биде јасен и формата да биде видлива. Бројот на повторувања треба да се поклопува со напишаната фраза во останатиот оркестар или дел од оркестар.
- Во штимовите за пијано не смее да има празни петолинија. Доколку сите информации се напишани во едно петолиние, второто мора да биде скриено.
- **Внимавајте на вртење страници за секој инструмент**
- **Leporello style adhering w/Aslan P 045 paper glue**

**Димензии на паритура:**

- Ширина: 420 мм
- Висина: 297 мм
- Димензии на нотен систем: 4.0 – 4.5 мм
- Маргини на страница: 10 мм

**Структура на партитура:**

**• Обично се пишуваат 8 такта на една страна (односно нотен систем), но бројот на тактови зависи и од напишаната фраза, и истиот може да варира доколку тоа е музички оправдано.**

**Примери:**

- Труба
- Тромбон
- Саксофон
- Тапани
- Гитара

- Контрабас
- Пијано

**НЏО инструментација**

**Саксофон секција:**

- Алт саксофон 1 (Сопран саксофон, флејта)
- Алт саксофон 2 (Bb кларинет, флејта)
- Тенор саксофон 1 (Сопран саксофон, Bb кларинет, флејта)
- Тенор саксофон 2 (Bb кларинет, флејта)
- Баритон саксофон (Бас кларинет, флејта)

**Тромбон секција:**

- Тромбон 1
- Тромбон 2
- Тромбон 3
- Бас тромбон

**Трубачка секција:**

- Труба 1 (Флигелхорна)
- Труба 2 (Флигелхорна)
- Труба 3 (Флигелхорна)
- Труба 4 (Флигелхорна)

**Ритам секција**

- Пијано (Rhodes, Synth)
- Контрабас (Бас гитара)
- Тапани (плус само мали перкусии што може да се свират како дел од сетот. Пр.: шејкер, трангл)
- Гитара

Оркестар за џез музика